**20111242798**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за трговија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/04, 128/06, 63/07, 88/08, 159/08, 20/09, 99/09, 105/09, 158/10, 36/11 и 53/11), министерот за економија донесе

**ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА МИНИМАЛНО-ТЕХНИЧКИТЕ УСЛОВИ ЗА ДЕЛОВНИТЕ ПРОСТОРИ И ПРОСТОРИИ ВО КОИ СЕ ВРШИ ТРГОВИЈА**

Член 1

Во Правилникот за минимално-техничките услови за деловните простори и простории во кои се врши трговија („Службен весник на Република Македонија “ бр. 21/04, 54/04, 79/04, 70/07 и 93/08 ), во членот 22 ставот 1 се брише.

Во ставот 2, кој станува став 1 по зборовите „нафтени деривати” се додаваат зборовите „биогорива и горива за транспорт“.

Во ставот 3 кој станува став 2 зборовите „став 2” се заменуваат со зборовите „став 1”.

Точката 1) се менува и гласи:

„минимална зафатнина на резервоарот да е 25м$^3$ за биогориво, 50м$^3$ за течен нафтен гас (ТНГ), односно 100м$^3$ по дериват за останатите деривати и горива за транспорт“

Во ставот 4 кој станува став 3 по зборот „деривати“ се додаваат зборовите „биогорива и горива за транспорт“.

Точката 1) се менува и гласи:

„минимална зафатнина на резервоарот да е 100м$^3$ за биогориво, 200м$^3$ за течен нафтен гас (ТНГ), односно 1000м$^3$ по дериват за останатите деривати и горива за транспорт“.

Во ставот 5 кој станува став 4, зборовите „ставовите 2, 3 и 4“ се заменуваат со зборовите „ставови 2 и 3“.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 11-4263/8
7 септември 2011 година
Скопје

Министер,
**Ваљон Сараќини,** с.р.